## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 19 став 4 и член 20 став 4, од Законот за ѓубрива („Службен весник на Република Македонија" бр. 110/07 и 20/09), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА,СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ПРАВНИ ЛИЦА ЗА ПЛАСИРАЊЕ НА ПАЗАР ЃУБРИЊА НА ГОЛЕМО И МАЛО

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистарот на правни лица за пласирање на пазар на ѓубриња на големо и мало.

**Член 2**

Регистарот на правни лица за пласирање на пазар на ѓубриња на големо и мало (во натамошниот текст: Регистар) се води во електронска и пишана форма. Во електронска форма Регистарот се води во EXSEL програма.

**Член 3**

Регистарот се води во книга со тврди корици на А3 формат составен од евиденциски листови во бела боја кои се нумерирани и меѓусебно поврзани.

На предната страна на корицата со златна боја е втиснат грбот на Република Македонија, а под него се впишани зборовите:

Република Македонија; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Фитосанитарна управа; Регистар на правни лица за пласирање на пазар на ѓубриња на големо и мало.

**Член 4**

(1) Евиденцискиот лист на Регистарот ги содржи следниве податоци:

1. Идентификациски број на правното лице;

2. Назив на правното лице;

3. Единствен даночен број на правното лице;

4. (БДС) број на деловниот субјект;

5. Седиште и адреса на правното лице;

6. Адреса на објектот за пласирање на ѓубрињa на големо и мало;

7. Датум и архивски број на решението за упис;

8. Датум и број на решението за пласирање на големо и мало, издадено од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Фитосанитарна управа;

9. Други потребни податоци;

10. Промени;

11. Забелешки.

(2) Образецот на Регистарот е даден во Прилогот кој е составен дел на овој правилник.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.17-223/4
октомври 2010 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Љупчо Димовски,** с.р.

ПРИЛОГ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

## ФИТОСАНИТАРНА УПРАВА

## РЕГИСТАР НА ПРАВНИ ЛИЦА ЗА ПЛАСИРАЊЕ НА ПАЗАРОТ НА ЃУБРИЊА НА ГОЛЕМО И МАЛО

## РЕГИСТАР НА ПРАВНИ ЛИЦА ЗА ПЛАСИРАЊЕ НА ЃУБРИЊА НА ГОЛЕМО И МАЛО

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Идентификациски број на правното лице | Назив на правното лице | Единствен даночен број на правното лице | ( БДС) број на деловниот субјект | Седиште и адреса на правното лице | Адреса на објектот за пласирање на ѓубриња на големо и мало | Датум и архивски број на Решението за упис | Датум и број на Решението за пласирање на големо и мало, издадено од министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство- Фитосанитарна управа | Други потребни податоци | Промени | Забелешки |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |